Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26-та седница одржана на 14.08.2023 година, во врска со Предлогот бр.03-3130/1 од 10.08.2023 година за поведување прекршочна постапка против ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-3044/1 од 01.08.2023 година на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 55 став 2 алинеи 2, 3 и 4 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со контролниот надзор е констатирано дека на 13 јули 2023 година, премиерата и репризата на „Backstage“, забавното говорно-шоу, не беа соодветно обележани со пропишаната сигнализација за програма што содржи пласирање производи, а содржеа прилог што посебно промотивно го препорачува ресторанот „Queen Sunset Bar“.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-3115/4**

**18-08. 2023 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**